# ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

## НАМАЛУВАЊЕ НА ШТЕТНИТЕ ГАСОВИ

### 1. ПОТРОШУВАЧКА НА ЕНЕРГИЈА

- **2018 г.** - искористени биле 0,35 MJ/l (44% помалку во споредба со 2010 г.).
- **цел до 2025 г.** – применувајќи ги најдобрите достапни техники, практики и процеси, да се овозможи континуирано подобрување на енергетските параметри, ефикасно искористување на енергетските ресурси, заштита на животната средина и контрола на непосакуваните климатски промени.

### 2. ИСПУШТАЊЕ CO2 ОД ВОЗНИОТ ПАРК

- **2018 г.** - искористени биле 12.660 g/km (24,5 % помалку во споредба со 2016 г.).
- **цел до 2025 г.** – намалување на испуштањето CO2 од возниот парк

### 3. ЕКО-ФРИЖИДЕРИ

- **2018 г.** - заменети беа 50% од старите со нови енергетски ефикасни фрижидери – 6.045 еко-фрижидери на пазарот; 40% заштеда на електрична енергија.
- **цел до 2025 година** – вложување во нови енергетски ефикасни фрижидери со цел намалување на потрошувачката на енергија.

### 4. СЕРТИФИКАТ ЗА СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈА – ISO 50001

- Пивара Скопје се стреми кон постојано подобрување преку поставување годишни цели за енергетска ефикасност и преку планирање проекти и програми за постигнување на таквите цели.

## НАМАЛУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ВОДА И ОДГОВОРНО ПЛАНИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РЕСУРСИ

### 1. НАМАЛУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ВОДА

- **2018 г.** - се користеле 1,50 литри вода за производство на еден литар пијалак (32% помалку во споредба со 2010 г.).
- **цел до 2025 г.** – сведување на минимум на влијанието што секојдневно го има производството преку намалување на потрошувачката на вода на оперативно ниво и во рамките на речните сливови, како и прочистување на отпадните води до ниво соодветно за одржување на водниот свет.

### 2. СЕРТИФИКАТ ОД ЕВРОПСКАТА ПРОГРАМА ЗА ОДРЖЛИВО КОРИСТЕЊЕ НА ВОДАТА (EWS)

- Пивара Скопје верува дека индустријата игра суштинска улога во утврдувањето одржливи решенија за целосна заштита на водните ресурси и поради тоа сме целосно посветени на ограничувањето на нашето влијание врз водните ресурси.

## СВЕТ БЕЗ ОТПАД

### 1. СОБИРАЊЕ И РЕЦИКЛИРАЊЕ ОТПАД

- **2018 г.** - процент на рециклиран отпад – 93,4%.
- **цел до 2025 г.** – процент на рециклиран отпад – 100%.

### 2. СОБИРАЊЕ ПАКУВАЊА

- **2018 г.** - собирање на материјалите од примарна амбалажа – 38,3% (5% повеќе во споредба со 2017 г.).
- **цел до 2025 г.** – собирање на материјалите од примарна амбалажа – 65%.

## НУТРИТИВНИ ВРЕДНОСТИ

### 1. ПОМАЛКУ КАЛОРИИ ВО РАМКИТЕ НА НАШЕТО ПОРТФОЛИО НА ПРОИЗВОДИ

- **цел до 2025 г.** – намалување на калориите во 100 ml пијалак.

## НАШИТЕ ЛУЃЕ И ЗАЕДНИЦАТА

### 1. УНАПРЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА НАШИТЕ ВРАБОТЕНИ

- **2018 г.** - 0% несреќи на работното место.
- **цел до 2025 г.** – нула жртви и одржување на стапката од 0% несреќи на работното место.

SAFETY FIRST

### 2. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И БЕЗБЕДНОСТА ВО УЧИЛИШТАТА

- **2018 г.** - над 26.000 ученици од основните училишта научија како да се грижат за своето здравје, безбедноста и животната средина.
- **цел до 2025 г.** – зголемување на бројот на ученици што ќе бидат дел од оваа програма.

### 3. ПОДДРЖУВАЊЕ НА НАШИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО УЧЕЊЕТО

- **2028 г.** – 4.000 учесници беа дел од развојните програми за менаџери почетници;
- **цел до 2025 г.** – зголемување на бројот за дополнителни 1.800 учесници.

### 4. SCALE UP – ПРОГРАМА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПОЛОЖБАТА НА МЛАДИТЕ

- **2018 г.** - обучени се 1.754 млади лица.
- **цел до 2025 г.** – обука на уште 10.000 млади лица.

#Youth EMPOWERED #DiscoverDevelopSucceed

### 5. ВОЛОНТИРАЊЕ

- **2018 г.** - 40% од вработените волонтирале во рамките на заедницата и реализирале вкупно 1.023 волонтерски часови.
- **цел до 2025 г.** – 50% од вработените да учествуваат во волонтерски иницијативи.

### 6. ПИВАРА СКОПЈЕ Е ДОЛГОГОДИШЕН СПОНЗОР НА:

**38 ГОДИНИ** МАКЕДОНСКА РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА

**46 ГОДИНИ** ГАЛИЧКА СВАДБА

**30 ГОДИНИ** ФЕСТИВАЛ „ОХРИДСКО ЛЕТО“

Февруари 2019